ЈЗУ Ц... 
246 - 0201
09.04.20
КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-4061/2
16.04.2020 год.
КОЧАНИ

# ДОГОВОР

Склучен помеѓу:

**1. Општина Кочани,** со седиште на ул. „Раде Кратовче“ бр.1 Кочани, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев, (во понатамошниот текст: **Корисник на услугата**) и

**2. Јавна здравствена установа Центар за јавно здравје Кочани**, со седиште на ул. „Милан Зечар“ бр.21 Кочани, ДБ: 4013993100080 и ЕМБС: 4695259**,** жиро с-ка Трезор на ФЗОМ 100000000066005, с-ка на буџетски корисник 660130005383178- НБРМ, приходна шифра 723819-00 застапувано од директорот Гоце Серафимов (во понатамошниот текст: **Вршител на услугата**).

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е

**ДЕЛ1. Терестичко дезинсекционо и ларвицидно третирање на комарци со водно растворлив широкоспектарен инсектициден препарат за третирање, одобрен од Биро за лекови, како и рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи, болви ...) по потреба.**

од предметот на набавка на услуги:

**Терестичко дезинсекционо третирање, авио третирање и ларвицидно третирање на комарци**

Предметот на договорот опфаќа терестичко дезинсекционо и ларвицидно третирање против комарци со набавка на еколошко средство за уништување на комарци одобрено од релевантни надлежни институции во Република С.Македонија (широкоспектарен инсектициден препарат за третирање на комарци, одобрен од Биро за лекови) како и рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи, болви...) по потреба.
Предметот на набавката од ст.1 на овој член е опишан во техничката спецификација, составен дел на Тендерската документација изработена од Корисникот на услугата за спроведување на Поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас бр.03780/2020 од 04.03.2020 год., објавен на ЕСЈН, а врз основа на Одлука за јавна набавка од 03.03.2020 год..

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вршителот на услугата, услугите од чл. 1 од овој Договор, ќе ги изврши за вкупна цена од **654.800,00 денари без пресметан данок на додадена вредност**. Во вредноста на договорот за јавна набавка не е вклучен данокот на додадена вредност бидејќи ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани не е ДДВ обврзник, согласно понудата поднесена преку ЕСЈН.

Согласно тендерската документација- т.1.7.1.5 Доколку во постапката за јавна набавка остане само една прифатлива понуда, електронска аукција нема да се спроведе. Во таа смисла првичната понуда се смета за конечна.

Единечните цени за вршење на услугите предмет на договорот се преземени од понудата на Вршителот на услугата и се дадени во следнава листа на цени:

**ДЕЛ1. Терестичко дезинсекционо и ларвицидно третирање на комарци со водно растворлив широкоспектарен инсектициден препарат за третирање, одобрен од Биро за лекови, како и рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи, болви ...) по потреба.**

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
|---|---|---|---|---|---|
| Ред бр. | Вид на услуга со набавка на еколошко средство за уништување на комарци/ и др.инсекти според вид на услуга | Максимална површина на третирање | Един.цена без ддв од **1 ха/1м2** | Вкупна цена без ддв (3*4) | Вкупна цена со ДДВ |
| 1 | Терестичко дезинсекционо третирање со водно растворлив широкоспектарен инсектициден препарат за третирање на комарци, одобрен од Биро за лекови | 1200 ха | 404 | 484800 | 484800 |
| 2 | Ларвицидно третирање со водно растворлив широкоспектарен инсектициден препарат за третирање на комарци, одобрен од Биро за лекови | 12 ха | 10000 | 120000 | 120000 |
| 3. | Рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи, болви...) со одобрен препарат од надлежна институција/установа. | 5000 м2 | 10 | 50000 | 50000 |
| (Средството за третирање против комарци и др.инсекти го набавува економскиот оператор. Во понудената цена задолжително да биде вклучена: цената за вршење на услугата за терестичко третирање, цената за средството за третирање и др.трошоци!) | | | Вкупно: | 654800 | 654800 |
| Назив на средството за дезинсекција со кое ќе се третираат наведените површини | | | Deltametrin(Akva K-otrine 2EW),Biopren 4gr,Solwac EW 050 | | |

Корекција на цените на услугите за предметот на договорот за јавна набавка не се дозволени и истите ќе останат фиксни за целото времетраење на договорот, освен ако корекцијата оди во надолна линија

ИЗВОР НА СРЕДСТВА И НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 3**

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка, согласно Одлуката за јавна набавка се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани за 2020 и 2021 год., Програма Ј8, ставка 424 подставка 424230.

Плаќањето ќе се врши за стварно извршена услуга предмет на договорот за јавна набавка, согласно техничката спецификација, со доставување на фактура и извештај/потврда за извршена услуга, согласно понудената единична цена дефинирана во чл.2 од овој договор.

Плаќањето ќе се врши за стварно извршена услуга предмет на договорот за јавна набавка, согласно техничката спецификација, со доставување на фактура и извештај/потврда/спецификација за извршена услуга во рок до 30 дена од денот на приемот на фактурата со придружната документација во архивата на Корисникот на услугата.
Доколку фактурата не содржи придружни документи: извештај/потврда за извршена услуга истата нема да се наплати и ќе му биде вратена на Вршителот на услугата како некомплетна и несоодветна.

НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИТЕ ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Услугите, предмет на овој договор Вршителот на услугата ќе ги врши сукцесивно за период од 12 месеци.

**Член 5**

Вршителот на услугата е должен предметот на договорот да го изврши по поднесено писмено барање од Корисникот на услугата. За уредно поднесено писмено барање се смета и барањето заверено со потпис и печат доставено преку факс или е-маил во скенирана форма или пдф формат.
Вршителот на услугата е должен да пристапи кон вршење на услугите согласно техничката спецификација, а опишани во писменото барање, во рок од најмногу работни 2 дена сметано од приемот на барањето, освен при лоши временски услови.

**Член 6**

Вршењето на услугите предмет на овој договор треба да биде согласно прописите и стандардите, предвидени за вршење на ваков вид на услуги во Република С.Македонија и согласно меѓународните стандарди прифатени во Република С.Македонија.

**Член 7**

Услугите предмет на овој договор се максимални. Корисникот на услугата го задржува правото да не ја реализира услугата предмет на оваа набавка во целост, бидејќи истата е во зависност од потребите на Корисникот на услугата условена од временските (постудени или потопли климатски влијанија) услови кои претежно влијаат на зголемување или намалување на појавата и наездата на комарците на подрачјето на општина Кочани.

Во случај на неизвршување на услугите предмет на договорот во целост во тековната година истите може да се реализират во 2021 година, по претходно писмено барање за реализација и одобрување од Корисникот на услугата, во рамките на времетраењето на договорот.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 8**

Вршителот на услугата се обврзува услугата, предмет на овој договор, да ја врши крајно професионално, совесно и одговорно, со внимание на добар стручњак, а во согласност со позитивните законски прописи и стандарди за овој вид на струка.

**Член 9**

Носителот на набавката се обврзува услугата да ја изврши согласно барањето на Корисникот на услугата на начин и услови утврдени во чл.5 од овој договор.

**Член 10**

Корисникот нма услугата ќе определи лице за надзор кое ќе го контролира извршувањето на услугата. Во контролата на реализацијата на предметните услуги ќе бидат ангажирани само лице/а вработено/и во општинската администрација, а во случај на потреба доколку Општината оцени може да ангажира други стручни лица од др.центри за јавно здравје и/или др.надлежни за тоа институции.

Лицето за надзор ќе присуствува во целиот процес на подготвување и преземање на дејствијата за спроведување на постапката за третирање и тоа при полнење на средство за дезинфекција кое ќе се користи за дезинсекциско третирање и при вршење третирање со одобреното средство.

**Член 11**

Вршителот на услугата се обврзува да не го попречува присуството на лицето определено од договорниот орган за вршење проверка и надзор при полнењето со средство за дезинфекција и ларвицидно средство и следење на текот на целата постапка.
Вршителот на услугата се обврзува да се придржува кон упатството за употреба на средство за дезинсекција и ларвицидно средство издадено од производителот на средството за дезинсекција.

**Член 12**

Вршителот на услугата се обврзува да изготви и достави извештај до договорниот орган за извршена дезинсекција, во рок од 3 /три/ работни дена по секое терестичко третирање поединечно.

**Член 13**

Корисникот на услугата се обврзува на Вршителот на услугата да му достави писмено барање согласно чл.5 од овој договор за извршување на услугата најдоцна 3 /три/ дена пред нејзиното извршување.
Корисникот на услугата има право претходно поднесеното барање да го повлече најдоцна 24 часа пред извршување на услугата, со обврска на Вршителот на услугата да му достави ново барање по завршување на причините за одлагање на дејствијата за кои бил спречен да ги изврши.

**Член 14**

Корисникот на услугата и Вршителот на услугата се обврзуваат да ги следат и да разменуваат информации за сите прашања, проблеми и услови од чија важност е квалитетното и навремено извршување на услугата предмет на овој договор.

**Член 15**

Корисникот на услугата и Вршителот на услугата потпишуваат Записник при вршење полнење на средство за дезинсекција кое ќе се користи за терестичко третирање против комарци.

**Член 16**

Лицето за надзор има право на Вршителот на услугата да му дава усмени упатства во текот на извршувањето на услугата за работи кои не се определени во барањето, а се со цел квалитетно и навремено извршување на услугата.

**Член 17**

Вршителот на услугата е обврзан да ги почитува и реализира дополнителните усно дадени упатства.

**Член 18**

Доколку во текот на извршувањето на дезинсекцијата и ларвицидното третирање, Вршителот на услугата наиде на услови кои ќе го попречат неговото навремено вршење должен е најпрво усно, а потоа и писмено да го извести Корисникот на услугата, со наведување на фактите и причините поради кои се доцни и за очекуваното времетраење на условите.

**Член 19**

Доколку Корисникот на услугата има забелешки на извршената услуга во случај на поголеми отстапувања и непочитување при реализацијата на договорот во согласност со техничката спецификација и барањата на корисникот на услугата или од него овластеното/определеното лице за врпење надзор, Корисникот на услугата има право да бара услугата да се повтори, а Вршителот на услугата е должен да постапи според барањата на корисникот на услугата, без право на дополнителен надоместок.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 20**

Времетраење на важноста на овој Договор претставува времето кога ќе бидат исполнети обврските кои што со овој Договор ги имаат превземено договорните страни, но не повеќе од 12 /дванаесет/ месеци, сметано од денот на стапување на сила на истиот.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 21**

Доколку Вршителот на услугата не ја исполни својата обврска во определениот рок утврден во барањето од корисникот на услугата, корисникот на услугата има право писмено да го извести Вршителот на услугата за дополнително оставен рок од 1 /еден/ ден за исполнување на обврската. Ако Вршителот на услугата не ја исполни својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, корисникот на услугата има право да го раскине договорот и да бара наплата на договорна казна и право на надомест на штета.

Овој договор може да се раскине со исполнување на условите за раскинување на двостран облигационен договор согласно Законот за облигациони односи во Република Македонија.

**Член 22**

Договорните страни се согласни дека во случај на еднострано раскинување на овој договор од страна на Вршителот на услугата поради вина на Вршителот на услугата или поради неисполнување на договорните обврски од носителот на набавката, корисникот на услугата има право на:

- надомест на сите трошоци што се во врска со предметот на договорот,
- право на договорна казна и
- надомест на штета.

ДОГОВОРНА КАЗНА

**Член 23**

Вршителот на услугата ќе му плати на корисникот на услугата определен паричен износ - договорна казна, ако:

*- не ја исполни својата обврска, или*

*- задоцни со нејзиното исполнување.*

Договорната казна се определува во износ од:

- 0,4% од вкупната вредност на овој договор доколку Вршителот на услугата доцни или неуредно ги извршува услугите предмет на овој договор, за секој ден задоцнување, ако услугите не се извршат во утврдениот рок во барањето на корисникот на услугата, и
- 15% од вкупната вредност на овој договор во случај на целосно неизвршување на услугите предмет на договорот.

Договорната казна се пресметува од моментот на настанувањето на условите од ставот 1 на овој член, за што корисникот на услугата веднаш писмено ќе го извести Вршителот на услугата.

Во случај на доцнење односно неисполнување на услугите предмет на овој договор, Вршителот на услугата се обврзува покрај договорната казна да ја надомести и штетата на корисникот на услугата настаната поради доцнење односно неуредно извршени работи и услуги или неисполнување на своите обврски.

ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Анекс Договор кон основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 25**

За се што не е предвидено со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 26**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.
Доколку тоа не даде резултат во рок од 10 (десет) дена, спорот ќе го решава надлежен суд.

**Член 27**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.
Вршењето на услугите предмет на овој договор треба да биде согласно прописите и стандардите, предвидени за вршење на ваков вид на услуги во Република С.Македонија и согласно меѓународните стандарди прифатени во Република С.Македонија.

**Член 28**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци, од кои 4 (четири ) примероци за Корисникот на услугата и 2 (два) примерока за Вршителот на услугата и стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

| | |
|---|---|
| **за Вршителот на услугата,** | **за Корисникот на услугата,** |
| **Директор,** | **Градоначалник,** |
| ______________________ | ______________________ |
| **( Гоце Серафимов )** | **( Николчо Илијев )** |

*Прилог на овој договор е техничката спецификација-копија*

***Изработил:** Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
***Согласен :** Раководител на Одделение за јавни дејности – Голубинка Георгиева*
***Контролирал:** Помошник Раководител на Сектор за правни,јавни дејности и општи работи – Анна Кралева*

Општина Кочани
Ул.Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

## 9. ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**ДЕЛ1. Терестичко дезинсекционо и ларвицидно третирање на комарци со водно растворлив широкоспектарен инсектициден препарат за третирање, одобрен од Биро за лекови, како и рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи, болви ...), по потреба.**

Услугата опфаќа терестичко дезинсекционо и ларвицидно третирање против комарци **<u>со набавка на еколошкото средство за уништување на комарци</u>** (водно растворлив широкопојасен инсектициден препарат за третирање на комарци одобрен од Биро за лекови), одобрено од релевантни надлежни институции во Република Македонија како и рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи, болви ...) по потреба.

1. Терестичко дезинсекционото третирање на комарци опфаќа прскање со машини прскалки на вкупна површина од 1200 хектари на подрачјето на општина Кочани во неколку термини, но максимум 4 третмани со опфат од по 300 хектари во населените места од полскиот и ридскиот дел на општината.
2. Ларвицидното третирање ќе се врши по течението на Кочанска река од градот кон брана Градче, низводно од градот и на локации со застојни води. За истата се планира да се употребат вкупно 30 килограми ларвицидно средство на вкупна површина од 12 ха со реализација во 2 (два) третмани со користење на одобрено ларвицидно средство во минимум 2,5 кг. по хектар кое го набавува економскиот оператор. Се планира секој поединечен третман да се врши со 15 кг ларвицидно средство на површшина од 6 хектари (2,5 кг по хектар).
3. Рачно третирање на зелени површини против инсекти (комарци, крлежи, болви...) ќе се врши по потреба, сукцесивно според потребите и по барање на договорниот орган, вообичаено пред одредени настани и манифестации кои се одвиваат на јавни површини. Се планираат пет дезинсекции на површина од 2000м2 до 5000 м2. Договорниот орган не е обврзан да ја изврши оваа услуга (рачно третирање на зелени површини против инсекти), истата ќе се одвива според потребите на договорниот орган.

- Динамика на третирање: динамиката ќе ја определи општината, истата ќе се реализира сукцесивно во периодот на времетраењето на договорот, а според потребите на Општина Кочани, во зависност од временските услови и наездата на комарци во тие периоди и во согласност со Програмата за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Кочани во 2020 година (согласно Стручен елаборат од Центарот за јавно здравје Кочани за 2020 година) бр.09-2545/1 од 13.12.2019 година („Службен весник на Општина Кочани" бр.13/2019).
- *<u>Изведувањето на услугите треба да биде согласно прописите и стандардите, предвидени за овој вид на услуги во Република Северна Македонија.</u>*

Услугите ќе се вршат сукцесивно, по поднесено писмено барање од договорниот орган. За уредно поднесено писмено барање се смета и барањето заверено со потпис и печат доставено преку факс или меил во скенирана форма или пдф формат.

**Рок на извршување на услугите**: носителот на набавката е должен да пристапи кон вршење на услугите согласно техничката спецификација, а опишани во писменото барање, во рок до најмногу 2 работни дена од приемот на барањето.
**Место на извршување на услугите**: подрачје на општина Кочани.
**Времетраење на договор:** 12 месеци.
Договорниот орган го задржува правото да не ја реализира вкупната вредност на договорот во целост, бидејќи набавката е сукцесивна и е во зависност од потребите на договорниот орган и временските услови. Договорниот орган го задржува правото да не ја реализира услугата предмет на оваа набавка во целост, бидејќи истата е во зависност од потребите на договорниот орган условена од временските (постудени или потопли климатски влијанија) услови кои претежно влијаат на зголемување или намалување на појавата и наездата на комарците на подрачјето на општина Кочани.
Во случај на неизвршување на услугите предмет на договорот во целост во тековната година истите може да се реализираат во 2021 година, по претходно писмено барање за реализација и одобрување од договорниот орган, во рамките на времетраењето на договорот.
**Контрола/надзор над реализација на услугите предмет на јавната набавка:** Заради следење на реализацијата на услугите од ДЕЛ1 на предметот на набавка договорниот орган ќе определи лице/а вработено/и во општинската администрација и ќе ангажира стручни лица претставници од Центарот за јавно здравје Кочани за контрола и надзор на активностите кои треба да ги спроведе носителот на набавката. Доколку носител на договорот за јавната набавка е ЦЈЗ Кочани, во контролата на реализацијата на предметните услуги ќе бидат ангажирани само лице/а вработено/и во општинската администрација, а во случај на потреба доколку Општината оцени може да ангажира други стручни лица од др.центри за јавно здравје и/или др.надлежни за тоа институции.

**Согласно Елаборат-Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинсекција во 2020 год. бр.132-0103 од 13.02.2020 год. (наш арх.бр.03-536/1 од 17.02.2020 год.) од ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани, препорака за дезинсекционо средство-делтаметрински препарат, еколошки и одобрен од Биро за лекови.**

---

**ДЕЛ2. Авио третирање со водно растворлив широкоспектарен инсектициден препарат за третирање на комарци, одобрен од Биро за лекови.**

Авио третирањето на комарци опфаќа прскање против комарци на **вкупна површина од 3400 хектари** на подрачјето на општина Кочани во **максимум 2 третмани годишно**.

- **Динамика:** динамиката ќе ја определи општината, истата ќе се реализира сукцесивно во периодот на времетраењето на договорот, а според потребите на Општина Кочани и во согласност со Програмата за спроведување општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Кочани во 2020 година (согласно Стручен елаборат од Центарот за јавно здравје Кочани за 2020 година) бр.09-2545/1 од 13.12.2019 година („Службен весник на Општина Кочани“ бр.13/2019);

Општина Кочани
Ул.Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

- Услугата опфаќа **вршење на авио специјализирана услуга** исфрлување на хемиски средства и вода од воздухоплов за уништување на инсекти (комарци) **со набавка на еколошко средство за уништување на комарци одобрено од релевантни надлежни институции во Република Македонија** (широкопојасен инсектицид за третирање на комарци, одобрен од Биро за лекови).

**Изведувањето на услугите** треба да биде согласно прописите и стандардите, предвидени за овој вид на услуги во Република Северна Македонија.

Услугите ќе се вршат сукцесивно, по поднесено писмено барање од договорниот орган. За уредно поднесено писмено барање се смета и барањето заверено со потпис и печат доставено преку факс, меил, во скенирана форма или пдф формат.
**Рок на извршување на услугите**: носителот на набавката е должен да пристапи кон вршење на услугите согласно техничката спецификација опишани во писменото барање поднесено од договорниот орган во рок до најмногу 2 работни дена од приемот на барањето, освен при лоши временски услови.
**Место на извршување на услугите**: подрачје на општина Кочани.
**Времетраење на договор:** 12 месеци или до потрошување на вредноста на договорот во рамките на периодот на неговото времетраење.
Договорниот орган го задржува правото да не ја реализира услугата предмет на оваа набавка во целост, бидејќи истата е во зависност од потребите на договорниот орган и е условена од временските (постудени или потопли климатски влијанија) услови кои претежно влијаат на зголемување или намалување на појавата и наездата на комарците на подрачјето на општина Кочани.
Во случај на неизвршување на услугите предмет на договорот во целост во тековната 2020 година истите може да се реализират во 2021 година, односно во рамките на времетраење на договорот, по претходно писмено барање за реализација и одобрување од договорниот орган, а во рамките на времетраењето на договорот.

**Контрола/надзор над реализација на услугите предмет на јавната набавка:** Заради следење на реализацијата на услугите од ДЕЛ2 на предметот на набавка договорниот орган ќе определи лице/а вработено/и во општинската администрација и ќе ангажира стручни лица претставници од Центарот за јавно здравје Кочани за контрола и надзор на активностите кои треба да ги спроведе носителот на набавката. Доколку носител на договорот за јавната набавка е ЦЈЗ Кочани, во контролата на реализацијата на предметните услуги ќе бидат ангажирани само лице/а вработено/и во општинската администрација, а во случај на потреба доколку Општината оцени може да ангажира други стручни лица од др.центри за јавно здравје и/или др.надлежни за тоа институции.

**Согласно Елаборат-Стручно мислење за спроведување на превентивна дезинсекција во 2020 год. бр.132-0103 од 13.02.2020 год. (наш арх.бр.03-536/1 од 17.02.2020 год.) од ЈЗУ Центар за јавно здравје Кочани, препорака за дезинсекционо средство-делтаметрински препарат, еколошки и одобрен од Биро за лекови.**

***Раководител на Одделение за јавни дејности***
***Голубинка Георгиева***